**За вклучување на нови точки во дневниот ред**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице. Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена
- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во ОИЛКО КДА - Скопје најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Јавниот повикот за одржување на Годишно собрание на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето :

ОИЛКО КДА - Скопје
ул. 10, бр.152 Миладиновци
Илинден, 1000 Скопје
до Комплементарите на Друштвото
Со назнака „за Годишно собрание“